ИЗЛОЖБИ

# ОД ЕКСПРЕСИОНИЗАМ ДО АПСТРАКЦИЈА

***- Научен собир за животот и творештвото на Борислав Траиковски во Битола***

Во Уметничката галерија во Битола на 15.11.2002 се отвори изложбата на еден од позначајните сликари на македонската современа уметност од втората половина на минатиот век, Борислав Траиковски. Нејзината организација беше иницирана со цел повторно да се потсетиме на неговото дело, но и со цел да се осветлат и некои нови моменти од неговиот живот и творештво, заради што беше организиран и Научен собир, кој се одржа истиот ден во Домот на културата во Битола.

Изложбата претставуваше делумен пресек на неговиот опус (од 1949 г. до последната недовршена слика) кој главно ги опфаќа неговите неколку стилски определби кои се движат од фовизамот, преку експресионизмот до апстракцијата. Прикажаните 52 слики парцијално ги откриваат достигнувањата на авторот, бидејќи на изложбата доминираат оние што се настанати во седумдесеттите и осумдесеттите. Ова го потенцирам од причини што тој, заедно со останатите членови на групата ВДИСТ во педесеттите и шеесеттите, одиграа мошне значајна





улога во внесувањето на модернизмот во Македонија.

Тој беше автор кој се импресионираше особено од искуствата на раната модерна во која ги пронајде својот сликарски израз и функцијата на колоритот. Тоа се искуствата на фовизмот, експресионизмот, а особено на Жорж Руо, чија карактеристична дебела линија Траиковски постојано ќе ја користи, особено во креирањето на неговите гротескни експресивни фигури. Покрај фигурите, како доминантен мотив, тој работи и пејзажи (импресии од промените во пределите на Пелагонија) и мртва природа. Во речиси сите овие дела се доближува до степенот на елементарното, со што може да се забележи одредена апстрактна евокација. Поради тоа и неговата апстракција на која ѝ посветува внимание од почетокот на шеесеттите, многу малку отскокнува од јазикот на неговата фигурација. Тоа се однесува не само на користењето на идентичниот потег, на геометризмот, туку и на идентичниот колорит, но сега во својство на формирање на асоцијативни или потполно апстрактни композиции.

Изложбата беше убав вовед за Научниот собир, организиран од страна на Друштвото за наука и уметност - Битола, Завод, музеј и галерија - Битола и ДЛУБ, а еден од главните координатори беше кустосот Лилјана Христова. На собирот со свои реферати учествуваа историчари на уметноста, уметници и негови пријатели кои со задоволство ги изнесуваа спомените за средбите со авторот, а секако се стави и акцент на креативното дејствување на Траиковски. Главно се потенцираше неговиот експресивен израз, се зборуваше за улогата и впечатливоста на колоритот, но и за досегашниот третман на неговото апстрактно сликарство, кое како да беше фрлено во сенка. Се доби впечаток дека овие две ликовни поетики, всушност рамноправно треба да се валоризираат, особено поради фактот што во двете е задржан автентичниот сликарски пристап, којшто во нашата средина се издвојува и не нуди компарации.

Мира ГАЌИНА

Борислав Траиковски е роден во Битола во 1917, а починал 1996 г. Во 1937 година се запишува на Архитектонскиот факултет во Белград, но поради Втората светска војна, се враќа во Битола. Тој повторно заминува во Белград, но студиите ги продолжува на Академијата за ликовни уметности. Завршува во 1951 г., со што тој станува еден од првите образовани ликовни уметници во Македонија што се појавија по војната.

Целиот свој творечки живот го поминува во родниот град, обезбедувајќи си ја својата егзистенција со педагошка активност.

Студиски престој имал во Италија (1954) и во Франција (1961). Член е на ДЛУМ од 1952 г. и на групата ВДИСТ од 1955 г.

Досега имал 26 самостојни изложби, а учествувал и на многубројни групни презентации. За неговото творештво добил повеќе награди од кој позначајни се: Ноемвриската награда за сликарство на град Битола во 1962 и наградата 11 Октомври - за животно дело, во Скопје,1980 г.